По ослободувањето на нашата земја, младата македонска држава се ангажира за заштитата и презентацијата на наследеното културно-историско богатство. Со скудни материјални средства, со натчовечки напори и во непроспиени денонокија, македонските кадрови, потпомогнати со кадрови од другите братски републики, заштитија голем број споменици. Проучувањето на антиката и на античкото наследство кај нас, од ослободувањето па сè до денес, беше постојана тема на младата македонска наука. Списанието „Жива Антика" и младите македонски научници, предводени од нашиот уважен академик Петрушевски, многу придонесоа за афирмацијата на историското минато на нашиот дел од Балканот.

Другарки и другари,

Овој собир, прв од ваков карактер во нашава земја, претставува мошне значаен придонес за натамошното проучување на нашето културно-историско наследство. Многу неоткриени и недоречени вистини за антиката и античкото наследство кај нас овде ќе бидат искажани и презентирани за светската културна јавност. Преку овој собир Југословенската научна мисла, многу повеќе и понагласено ќе биде присутна и ќе се вградува во трезорот на современата научна мисла.

Со надеж и верување за вашиот придонес во натамошната афирмација на научната мисла во светот, на вас учесниците на собирот ви пожелувам плодотворна и успешна работа.

## ПОЗДРАВНИ ГОВОР ПРЕДСТАВНИКА СОБРАЊА ОПШТИНЕ ОХРИД

Другарки и другари, драги гости,

Имам пријатна должност и ми причинува посебно задоволство што можам од името на Собранието на Општината и граѓаните на Охрид да ве поздравам и да ви пожелам пријатен престој во нашиот град.

Древниот Охрид и неговите граѓани се почестени што токму во него се одржува првиот научен собир на Сојузот на друштвата за Антички студии на СФРЈ, посветен на „Антиката и античкото наследство кај нас". Иако релативно мал, Охрид има мошне богата традиција за одржување на разни меѓународни и домашни

конгреси, конференции, симпозиуми, семинари и др., собири од високо научно и културно-уметничко ниво. Причини за тоа најверојатно се неговата местоположба, убавината, извонредно пријатната клима и особено настојувањата на граѓаните и работните луѓе да го направат градот што поубав, да ги сочуваат неговите споменици на културата и секогаш да бидат свртени кон секој добронамерен гостин и пријател.

Иако верувам дека на сите вам ви е добро познат историскиот развиток на Охрид, сепак чувствувам потреба сосема накусо да ве запознам со неговите најбитни карактеристики. Од својот постанок до денес Охрид поминал низ бурни историски настани, кои оставиле видни белези во монументални споменици на културата, како античкиот театар, Самоиловата крепост, црквите Св. Пантелејмон, Св. Софија, Св. Климент и уште многу помали цркви и манастири во градот и околината. Од доаѓањето на Турците и заземањето на градот од нивна страна, до крајот на Втората светска војна Охрид како и другите градови во Македонија се наоѓа во стагнација. Својот вистински процут Охрид го постигна по ослободувањето во рамките на С.Р. Македонија. Денес Охрид има околу 30.000 жители, а општината 56.000 жители. Најважни стопански гранки се индустријата, земјоделството и туризмот. Во општината работат 16 основни училишта, 3 средни и од оваа година почнува со работа Факултетот за туризам и угостителство.

Продолжувајќи ги историските традиции на културен центар, во Охрид работат повеќе културни институции и тоа: Заводот за заштита на спомениците на културата и Народен музеј, Дом на културата, Историски архив, Библиотека и др. Во летниот период се одржуваат две културни манифестации: „Балкански фестивал на народни песни и игри“ и „Охридско лето“ на кои настапуваат врвни Југословенски и светски уметници.

Другари и другарки, одржувањето на вашиот научен собир е од големо значење како за пошироката општествена заедница, така и за нашата општина која располага со голем број споменици на културата меѓу кои и од античкиот период. Научните сознаниа и вистините што ќе бидат соопштени на овој собир ќе претставуваат драгоцен придонес во проучувањето на богатото античко наследство кај нас.

Во тоа име уште еднаш на сите Вам ви пожелувам плодна и успешна работа и пријатен престој во нашиот град, со желба во него да се чувствувате како во своја куќа и од него да понесете пријатни впечатоци.

*Н. Крлевски, Охрид.*